


# NIĆE



**НАСЛОВНА СТРАНИЦА:** *„Белата шамија“, масло на лесонит, 22×25 см, 1993*
**COVER PAGE:**

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СТРУМИЦА

ART GALLERY
STRUMICA

NIČE

# НИЧЕ ВАСИЛЕВ

# NICHE VASILEV

АПРИЛ, 1994

APRIL, 1994

# СЛИКИТЕ НА НИЧЕ ВАСИЛЕВ

*Постои нешто многу топло и звучно во сликите на Ниче Василев. Тие ја сугерираат хармонијата на битието што се радува, но секогаш со една стишана екстатичност. Во нив провејува еден продуховен интимизам во кој сликарот ја исповеда тихата, осветлена и обоена егзистенција на нештата што ги слика, приведувајќи ги под онтолошката стреа на својата душевност и сензибилитет.*

*И женските фигури и пејсажите што ги слика Ниче Василев се штедро потопени во една блага и истовремено одлучна, зрела луминозност. Од една страна тоа кај него доаѓа од фовистите, кои очигледно му се многу блиски, а од друга страна од роднокрајниот струмички предел густо обоен, полн со светлина и медитерански прозрачен во својата калеидоскопска структура на плановите и нијансите. Оттука мислам дека е погрешно да се зборува за конструктивизам во сликарството на овој суптилен сликар со извонредно истенчен нерв, иако формалните белези и асоцијации упатуваат на тоа. Но тоа е само површинскиот слој, техничкиот аспект на реализацијата кој ја почитува структуралноста изведена со широки и честопати робусни потези. По сето тоа е затемелно на една крајно суптилна мерка, во перспективата на една сезановска рамнотежа на елементите и боените површини.*

*Ниче Василев е сликар кој одлично владее со композицијата, но таа кај него е нешто многу повеќе од формален ефект, или, грубо речено, академско мајсторство. Преку неа тој понапред ја гради интегралната отколку формалната визија на сликата. Со други зборови речено таа е спектрална, повеќеслојна. Нејзината основа е ментална, богата со психолошки и онтолошки асоцијации, доволно магнетна за да се чита длабински и да се нурка во светот на ова тихо и хармонично сликарство. Во него е сè подредено на една спонтана душевност, на внатрешниот ритам што го диктира потегот, облиците и боите без било каква претенциозност за силни ефекти и токму затоа истото е толку сугестивно и топло. Тоа е лирско во вистинската, подлабоката смисла на тој поим. Во него препознаваме една спонтана филозофија на идилата, на поетизација на внатрешниот психолошки спокој и радоста на битието пред светот исполнет до врв со говорот на боите. Тоа е конечно сликарство кое ја брани тихата убавина на интимата било на човекот, било на*

# NIČE VASILEV'S PAINTINGS

*There is something warm and sounding in the paintings of Niče Vasilev. They suggest the harmony of the being which is gay, but always with a calmed extaty. A spiritual intimism prevades in them, in which the painter confesses the silent, illuminated and coloured existence of the things he paints, bringing them together under the ontologic eaves of his soul and sensuality.*

*The female figures, as well as the landscapes that Niče Vasilev paints are generously dipped into a light but simultaneously decisive, maturate luminosity. On the one hand, it is present in him from the fovists, who are obviously very close to him, and on the other hand from his native Strumica landscape, thickly coloured, full of light and Mediterranean translucent in its caleidoscopic structure of plans and shades. Therefore, I think it is wrong to talk about constructivism in the painting of this suptile painter with outstandingly sharp nerve, although the formal signs and associations lead to it. But it is only the surface layer, the technical aspect of realization which respects the structurality performed by large and often robust strokes. And all this is founded on an extremely suptile measure, in the perspective of a Sezanne's balance of elements and coloured surfaces.*

*Niče Vasilev is an excellent master of composition, but the latter is more than a formal effect, or, roughly said, than an academic skill. Through it, he creates preferably the integral vision on the canvas to the formal one. In other words it is spectral, in more layers. Its base is mental, rich in psychological ontologic associations, magnetic enough to be read profoundly and to dive in this world of silent and harmonic painting. In it everything is submitted to a spontaneous sprituality to the inner rythm which dictates the stroke, shapes and colours without any kind of pretention for powerful effects and that is why it is so suggestive and warm. It is lyric in the real and deeper sense of this term. We recognise in it a spontaneous philosophy of idyll, of poeticization of the inner psychological tranquillity and joy of the being in front of the world full up to the top of the speech of colours. It is finally the painting that defends the silent beauty of the intimacy eithet of a man or a landscape. In this time of arithmia and disharmony it is completely turned to the apotheosis of harmony.*

*Niče Vasilev likes the clear presence of the things he paints, emphasizing often, with an expressionistic passion, their volumes*

»



**„Интимен дијалог“**, *масло на платно, 45×39 см., 1991*

пејсажот. Во ова време на аритмија и дисхармонија тоа е целосно свртено кон апотеоза на хармонијата. Ниче Василев ја сака јасната присутност на нештата што ги слика, честопати ги нагласува со експресионистичка страст нивните волумени и рабови, но секогаш со благост на потегот која допушта обоените површини тактилно да се довикуваат и да влегуваат една во друга, остварувајќи треперлива калеидоскопска игра во која длабоко прозрачните тонови на боите добиваат звучен квалитет. Тоа е музиката на тишината, контемплативна и сериозна, светлината на пејсажот и засонетите женски фигури, потопени во некој вид медитација, кои што само штотуку не се раствориле во флуидот на сонот од кој испловиле на платното. Амбивалентноста, видот и привидот се постојано присутни кај сликарот Ниче Василев. Но тоа не е разрокост во која е подвоена опсервацијата, туку усогласување на погледите на очите. Едната зеница на сликарот притоа е редовно широко отворена кон надвор, а другата кон внатре; едната ги следи реалната светлина и облици, другата соновните и имагинативни текови на свеста, на битието потопено во тишина и радосно дека низ него без било каква препрека се провира штедриот говор на боите. Четкочката на Ниче Василев него само го позема и го става на платното природно како што се поземаат од дрвото зрелите плодови во доцно лето, или рана есен. Сликарските плодови на овој сликар, на наша радост, стојат пред нас зрели и до врвот полни со убавина и хармонија.

**Ефтим Клетников**

and edges, but always with gentleness of the stroke which allows the coloured surfaces to call each other and to enter one another, thus accomplishing a trembling caleidoscopic game, in which the deeply translucent shades of colours achieve a sounding quality.

This is the music of silence, contemplative and serious, the light of landscape and dreaming female figures, dipped in some kind of meditation, which are about to solve in the fluid off dream out of which they have occured on the canvas. The ambivelence, the appearence and illusion are constantly present in the painter Niče Vasilev. But it is not a cross-eye in which the observation is devided, but coordination of the sights of eyes. One pupil of the painter is regularly wide open to outside, and the other one towards inside; the former follows the real light and shapes, the latter – the dreaming and imaginative flows of consciuosness, of the being dipped in silence and gay that through it, without any kind of obsacle, reaches the generous speech of colours. Niče Vasilev's paintbrush only picks it up and puts it on the canvas so naturally as ripe fruits are picked up from a tree in late summer or in early autumn. The artistic fruits of this painter, fortunately for us, are standing in front of us ripe and full of beauty and harmony.

Eftim Kletnikov
translated by Stojan Dončevski



**„Манастир“,** *масло на платно, 24×48 см., 1992*

Ниче Василев е роден во с. Дабиља, Струмичко. Академија за ликовни уметности завршил 1978 година во Варшава – Полска.
Член на ДЛУМ од 1980 година.
АДРЕСА: „Димитар Влахов“ 1/4, Струмица, тел: 0902-25869

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1977 – Скопје, Галерија на Домот на младите „25-ти мај“
– Варшава, Галерија „Проксима“,
1978 – Шедлец (Полска), Студенски центар,
1980 – Мадрид, Галерија „Лазаро“,
1981 – Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ,
– Крањ, Горењски музеј,
1982 – Цирих, Галерија „Др. Бурхард“
1983 – Скопје, Центар за култура и информации
– Струмица, Работнички универзитет
1985 – Штип, Дом на културата
1986 – Скопје, Центар за култура и информации
1987 – Скопје, Македонски народен театар,
1990 – Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ,
– Охрид, Дом на културата
1992 – Скопје, Културно информативен центар
1993 – Битола, Уметничка галерија
– Софија, Галерија „Бонарт“

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1974 – Добој, 17-априлски салон
1979, 84, 85, 91 и 93 – Меѓународна струмичка ликовна колонија
1980 – Врбас, Југословенска палета на млади
1981 – Куманово, Уметничка галерија
1982 – Скопје, Млада генерација IV, Музеј на современата уметност
– Смолјан (Бугарија), Меѓународна ликовна колонија
1983 – Загорје об Сави (Словенија), Меѓународна ликовна колонија
1985 – Белград (НОБ во делата на југословенските ликовни уметници
1987 – Тузла, VI изложба на југословенскиот портрет
– Охрид, Дом на културата „Глигор Прличев“
1988 – Устка (Полска), Меѓународна ликовна колонија
1989/90 – Прво биенале на југословенска минијатура – Горни Милановац

Учесник е на сите годишни изложби на ДЛУМ од 1980 година

## НАГРАДИ

Откупна награда „17-от априлски салон“, Добој 1973 година
Специјална награда на Академијата за ликовни уметности во Варшава, 1977
Откупна награда на изложбата „Југословенски портрет“, Тузла, 1987

## INDIVIDUAL EXHIBITIONS

1977 – Skopje, "25 May" Youth Center
1977 – Warsaw, "Prohima" Gallery
1978 – Shedlec (Poland), Student Center
1980 – Madrid, "Lazaro" Gallery
1981 – Skopje, Art Salon of DLUM
1981 – Kranj, Gorenjski Museum
1982 – Zurich, "Dr. Burhard" Gallery
1983 – Skopje, Cultural and information Center
1983 – Strumica, Adults Education Center
1985 – Štip, Cultural Center
1986 – Skopje, Cultural and Information Center
1987 – Skopje, Macedonian National Theater
1990 – Skopje, Art Salon of DLUM
1990 – Ohrid, Cultural Center
1992 – Skopje, Cultural and information center
1993 – Bitola, Art Gallery
1993 – Sofia, Gallery "Bonart"

## COLLECTIVE EXHIBITIONS

1974 – Doboj, "17-April Salon"
1979, 84, 85, 91 i 93 – Strumica, International Fine Arts Colony
1980 – Vrbas, Yugoslav Youth Pallete
1981 – Kumanovo, Art Gallery
1982 – Skopje, Young Generation IV, Museum of Contemporary Art
1982 – Smoljan (Bulgaria), International Fine Arts Colony
1983 – Zagorje ob Savi, International Fine Arts Colony
1985 – Belgrad, NOB (National Liberation War) in Yugoslav Fine Arts 1987 – Tuzla, VI Exhibition of Yugoslav Portrait
1987 – Ohrid, Cultural Center
1988 – Ustka (Poland), International Fine Arts Colony
1989/90 – First Biennial of Yugoslav Miniature – G. Milanovac

Participated in all of the DLUM exhibitions

## AWARDS:

Buy out by "17-th April Salon" – Doboj, 1973 year
Prize awarded by the Warsaw's Academi of Fine Arts, 1977
Buy out by the Yugoslav Portrait Exhibition, Tuzla 1987



**„Румена“**, *масло на платно, 77×65 см., 1993*



**„Жолто сива фигура“**, *масло на картон, 55×43 см., 1993*

# БИБЛИОГРАФИЈА – BIBLIOGRAPHY


В. М
САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА НИЧЕ ВАСИЛЕВ
Нова Македонија, Скопје, 15.IX.1975

ГРАФИКИ И ЦРТЕЖИ ОД НИЧЕ ВАСИЛЕВ
Вечер, Скопје, 5.IX.1977

ПРОМАЛАЗАК, ВОДА, ДЕЛЕГАТ...
Борба, Београд, 30.XII.1978, 356, 21

ГИЛЕВСКИ, Паскал
МАКЕДОНСКА СЦЕНОГРАФИЈА, ПЛАКАТ И КОСТИМИ
Вечер, Скопје, 14.XII.1979, 5117, 13

ГИЛЕВСКИ, Паскал
НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ДЛУМ
Вечер, Скопје, 15.I.1980, 5142, 14

СМ. В.
„МАКЕДОНКЕ" У МАДРИДУ
Вечерње новости, Београд, 18.IV.1980, 8132, 21

(Г. Ј.)
Василев излагаше во Мадрид
Нова Македонија, Скопје, 16.V.1980, 11965, 10

ВЕЛИЧКОВСКИ, Владимир
Освежен ликовен јазик
Млад Борец, Скопје, – VII, 1980, 1320, 25

(С. Г.)
Изложба на млади ликовни творци од Струмица
Нова Македонија, Скопје, 20.II.1981, 12241, 10

Изложба на Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје, 27.II.1981, 12248, 10

Поповски, Коста
Убавина
Вечер, Скопје, 27.II.1981, 5488, 22

Творби од Ниче Василев
Вечер, Скопје, 3.03.1981, 5491, 14

Од 3 до 15 овој месец ...
Екран, Скопје, 6.03.1981, 538, 5

Премиера на „Печалбари"
Нова Македонија, Скопје, 18.03.1981, 12267, 10

Блискост
Вечер, Скопје, 19.03.1981, 5505, 22

Kulturni večer v. Kranju
Delo, Ljubljana, 22.05.1981, 116, 9

Kulturni koledar
Glas, Kranj, 29.05.1981, 40, 5

Изложба на дела од струмичката колонија
Нова Македонија, Скопје, 9.06.1981, 12348, 8

Ш(ирилов) Т(ашко)
Творби од Ниче Василев во Крањ
Вечер, Скопје, 12.06.1981, 5576, 11

Kulturni koledar
Glas, Kranj, 12.06.1981, 44, 5

Jenšterle, Marko
Pojavljanje in izginjanje
Mladina, Qubqana, 18.06.1981, 24, 37

(Д. Н.)
Пастели у Швајцарској
Вечерње новости, Београд, 4.02.1982, 8662, 19

Ниче Василев – „Игра" (репр.)
Комунист, Скопје, 26.02.1982, 1302, 20

Гилевски, Паскал
Млада генерација IV
Вечер, Скопје, 23.03.1982, 5816, 12

Srečanje slikarjev na Izlakah
Дело, Љубљана, 9.07.1982, 158, 5

Кошир, Матја
Razpiranje slikarskih obzorij
Dnevnik, Ljubljana, 20.07.1982, 196, 6

Премиера на „Хамлет од Долно Гаштани"
Вечер, Скопје, 8.12.1982, 6038, 15

Гилевски, Паскал
Подем на цртежот
Вечер, Скопје, 20.12.1982, 6048, 11

Премиера на „Долгиот, Долгогледаниот и Нешко"
Вечер, Скопје, 18.02.1983, 6099, 11

Уметниците и жената
Вечер, Скопје, 16.03.1983, 6121, 10

Dvajseta slikarska kolonija
Teleks, Ljubljana, 14.07.1983, 39, 37

Ракатка
Вечер, Скопје, 9.09.1983, 6272, 8

В. С.
Изложба на Ниче Василев
Вечер, Скопје, 20.09.1983, 6281, 11

(С. П.)
Слике Василевског
Вечерње новости, Београд, 22.09.1983, 9289, 18

Изложба на Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје, 23.09.1983, 13173, 6

Јоксиќ, Д.
Strpljiva pozorišna publika
Oslobođenje, Sarajevo, 23.09.1983, 12663, 6

Атмосфера
Вечер, Скопје, 20.05.1986, 7099, 20

В.С.
Продажна изложба на Ниче Василев
Вечер, Скопје, 27.05.1986, 7105, 13

Д. Ч.
Изложба на Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје, 27.05.1986, 14131, 10

Продолжена изложбата на Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје 10.06.1986, 14145, 10

Ѓ(уровска) С(офија)
Новогодишна аукција на ликовни дела
Нова Македонија, Скопје, 26.12.1986. 14342, 10

С(аздова) В(инка)
Слики на Ниче Василев
Вечер, Скопје, 9.06.1987, 7424, 15

Масла на Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје, 9.06.1987, 14503, 10

Г.Б.
Згуснат уметнички израз
Нова Македонија, Скопје, 13.06.1987, 14507, 7

Ѓ(уровска) С(офија)
Награди за македонските сликари
Нова Македонија, Скопје, 18.11.1987, 14665, 8

Успех на македонските уметници
Вечер, Скопје, 19.11.1987, 7564, 15

Се подготвува „Мандрагола"
Нова Македонија, Скопје, 30.03.1988, 14793, 10

А. М.
Премиера на „Мандрагола"
Нова Македонија, Скопје, 29.04.1988, 14823, 10

С(аздова) В(инка)
Новогодишна аукција
Вечер, Скопје, 27.12.1988, 7904, 11

Н. Ј.
Две изложби
Вечер, Скопје, 18.04.1990, 8307, 13

Г. К.
Изложба на струмичката ликовна колонија
Вечер, Скопје, 12.12.1991, 8817, 15

Ѓ(уровска) С(офија)
Зимски салон под покровителство на Лик
Нова Македонија, Скопје, 29.01.1992, 16169, 13

Р(истовска) В(алентина)
Изложба на Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје, 1.12.1992, 16473, 7

Творечка истрајност
Пулс, Скопје, 3.12.1992, 98, 3

Темков, Кирил
Творец со голем ликовен вкус
Нова Македонија, Скопје, 9.12.1992, 16481, 11, 12

Манински, Ацо
Изложба како повик за комуникација
Пулс, Скопје, 24.12.1992, 101, 30, 31

Г. К.
Изложба на Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје, 30.04.1993, 16621, 4

Л(озановски), З(лате)
Ликовна колонија Лесново
Вечер, Скопје, 28.06.1993, 9290, 11

Л(озановски) З(лате)
Сто дела од 25 автори
Вечер, Скопје, 6.10.1993, 9375, 12

Изложба на пастели од Ниче Василев
Нова Македонија, Скопје, 4.11.1993, 16785, 11

Б. Т.
Двојна сатисфакција
Нова Македонија, Скопје, 16.11.1993, 16817, 9


**ЛЕАНДРА ПЕТРОВА**



**„Акт во сино“**, *масло на платно, 42,5×48,5 см., 1990*



***„Моделки“,*** *масло на платно, 82×66 см., 1994*



***„Пријателки“,*** *масло на платно, 66×92 см., 1993*




***„Композиција“**, масло на платно, 25×25 см., 1993*

# *КАТАЛОГ – CATALOGUE*

1. „Жена со петел", масло на платно, 90×10 см., 1994
2. „Дама во жолта фотеља", масло на платно 50×64 см., 1993
3. „Моделки", масло на платно, 82×66 см., 1994
4. „Свеченост", масло на платно, 107×140 см., 1989
5. „Танчерка", масло на платно, 90×110 см., 1991
6. „Пред огледало", масло на платно, 80×100 см., 1990
7. „Пријателки", масло на платно, 80×100 см., 1990
8. „Заедно", масло на платно, 120×70 см., 1990
9. „Стебла", масло на платно, 70×100 см., 1991
10. „Грмушки", масло на платно, 42×48 см., 1992
11. „Манастир", масло на платно, 42×48 см., 1992
12. „Пролетен пејзаж", масло на платно, 65×70 см., 1988
13. „Летен пејзаж", масло на платно, 60×68 см., 1994
14. „Полски пат", масло на платно, 60×72 см., 1991
15. „Стогови", масло на платно, 65×82 см., 1994
16. „Тишина", масло на платно, 40×60 см., 1988
17. „Црвен пејзаж", масло на платно, 45×38 см., 1993
18. „Црни облаци", масло на платно, 70×80 см., 1993
19. „Акт во сино", масло на платно, 42,5×48,5 см., 1990
20. „Црвена фигура", масло на платно, 66×80 см., 1992
21. „Очекување", масло на платно, 100×80 см., 1991
22. „Композиција со бела фигура", масло на платно, 70×80 см., 1991
23. „Сирма", масло на платно, 67×80 см., 1990
24. „Румена", масло на платно, 77×65 см., 1993
25. „Жолто сива фигура", масло на картон, 55×43 см., 1993
26. „Жена со птица", масло на лесонит, 37×37 см., 1993
27. „Интимен дијалог", масло на платно, 45×39 см., 1991
28. „Романтична", масло на платно, 100×80 см., 1992
29. „Дама со букет", масло на платно, 80×77 см., 1991
30. „Китење", масло на платно, 100×80 см., 1994
31. „Романтик", масло на платно, 56×72 см., 1987
32. „Женски портрет со ракавици", масло на платно, 90×70 см., 1994
33. „Зелена шамија", масло на платно, 40×33,5 см., 1987
34. „Портрет во сино", масло на платно, 39×39 см., 1989
35. „Жолто виолетов акт", масло на платно, 42×48 см., 1990
36. „Марија", масло на платно, 54×50 см., 1993
37. „Пријателки", масло на платно, 66×92 см., 1993
38. „Дама во жолто", масло на платно, 90×110 см., 1994
39. „Белата шамија", масло на лесонит, 25×25 см., 1993
40. „Композиција", масло на платно, 25×25 см., 1993

*Издава: Уметничка галерија –*
*Струмица*
*Одговорен уредник:*
*Апостолов Љупчо*
*Биографски и каталошки податоци:*
*Пепиќ Бранислав*
*Библиографски податоци: МСУ*
*Предговор: Ефтим Клетников*
*Превод на англиски:*
*Стојан Дончевски*
*Фотографии: Пепиќ Бранислав*
*Ликовно обликување:*
*Лазаревски Зоран*
*Тираж: 500 примероци*

*Publisher: Art Gallery – Strumica*
*Editor in chief: Apostolov Ljupčo*
*Biografical and catalogue date:*
*Pepič Branislav*
*Bibliography date: MCA*
*Preface: Eftim Kletnikov*
*Translated into english by:*
*Stojan Dončevski*
*Photographs: Pepič Branislav*
*Art desingn: Lazarevski Zoran*
*Copies: 500*



**„Жена со петел“**, *масло на платно, 90×110 см., 1994*